при тоа е почитуван ставот на Министерството. В.М.

## 100 ЛЕТА ОД РАЃАЊЕТО НА ДИМИТАР ПАНДИЛОВ-АВРАМОВСКИ

# Чекајќи ретроспектива

*Во Уметничката галерија Скопје (Даутпашин амам), вечерва, со почеток во 20.30 часот, ќе биде отворена изложба на Димитар Пандилов-Авраамовски по повод 100-годишнината од неговото раѓање*

На изложбата ќе бидат презентирани повеќе од стотина дела, работени во различни техники: масло на платно, акварели и цртежи. "Поставката не е концепирана како монографско претставување на овој истакнат и многу значаен македонски автор, туку едноставно, идејата на Уметничката галерија беше да ја одбележиме стогодишнината од неговото раѓање" вели Викторија Васева Димеска, директор на Уметничката галерија. "За оваа изложба, Галеријата се потруди да ја комплетира колекцијата со позајмување на неговите дела од музеите, галериите и неколку културни институции, кои располагаат со дела од Пандилов. Пријатен е фактот што повеќе државни институции беа расположени за соработка и ни ги отстапија сликите, како Стопанска комора, Владата на Македонија, неколку училишта, Ветеринарниот институт... Ме радува и тоа што многу луѓе, кои поседуваат дела од Пандилов во своите приватни колекции, самоволно ни ги отстапија. Презадоволни сме со тоа што го пронајдовме, имајќи го на ум фактот, дека овој пат не правиме темелна ретроспективна изложба. Понатаму, имаме во план да направиме една комплетна и покомпактна поставка на делата од Пандилов. Авторот, долги години живеел и творел во Бугарија, што значи дека и таму има многу дела кои македонската јавност, воопшто, и не ги видела, но за тоа понатаму".



Голем дел од сликите изложени на оваа поставка, Галеријата во соработка со Републичкиот завод за заштита на споменици, ги врами и ги реставрира за извонредно кратко време.

Пандилов е еден од основоположниците на современата македонска ликовна уметност-родоначалник на современиот ликовен израз, кој се смета за еден од најреномираните сликари-импресионисти од првата и втората генерација уметници на овој стилски ликовен правец. Изложбата ќе биде отворена до крајот на овој месец.

И.Тасев